**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-1631/2**
**27.12.2017 година**
**Д е л ч е в о**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната Третата седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на ден 27.12.2017 година (среда), во салата на ООУ „Ванчо Прке"со почеток во 14.10 часот.

На почетокот седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет, потоа истата ја напуштија членовите на Советот од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата и тоа:

1. Сашко Ивановски
2. Николчо Ситновски
3. Вице Стоиловски
4. Ванчо Велиновски
5. Славица Димитрова
6. Кристи Стојковски
7. Билјана Ѓеоргиевска

Седницата ја отвори и со истата претседаваше Драган Маневски-претседател на Советот на Општина Делчево кој на членовите на Советот и на сите присутни им упати честитки по повод претстојните новогодишни и божиќни празници.

За Третата седница на Советот на Општина Делчево тој го предложи следниот

**Дневен ред**
**-Усвојување на Записникот од Втората седница**

1. Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал 3 со Заклучок за усвојување;
2. Предлог-Буџет на Општина Делчево за 2018 година;
3. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2018 година;
4. Буџетски календар;
5. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2018 година;

**Образлагач**: По точките од 1 до 5- Анка Христова Раководител на Одделението за финансирање и буџет.

6. Предлог-Одлука за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење;
7. Одлука за пристапување на Општина Делчево како сосновач на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група „Малеш – Пијанец";

**Образлагач**: По точките 6 и 7 Тони Стоименовски-Советник за поддршка на ЛЕР.

8. Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2018 година;

**Образлагач**: Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

9. Предлог-Одлука за формирање на Комисија за именување на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево;

**Образлагач**: Маја Стоименовска-Самостоен референт за работа со ГИС.

10. Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, станбена куќа во урбанистичко планска документација на Дејанчо Величков, с. Вирче;

11. Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект,помошен објект во урбанистичко планска документација на Ванчо Џаџовски, с. Тработивиште;

**12.** Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт Деталан урбанистички план (ДУП) Лесна индустрија и сервиси м.в. „Стар Монопол" за дел од УБ 2,6 во УЕ 2, Општина Делчево;

**Образлагач**: Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам, уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина.

13. Предлог-Решение за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност-Делчево.

Образлагач: Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево

14. Годишен извештај за работата на ЈЛБ „Илинден" Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

15. Годишна програма за работа на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување.

Образлагач: По точките 14 и 15-Анита Петровска- Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево.

16. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2018 година;

17. Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Делчево за 2018 година;

Образлагач: Звонко Атанасов-Советник за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина.

18. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред и процедурално за збор се јави Сашко Ивановски кој побара втората точка-Буџет на Општина Делчево за 2018 година да биде одложена за наредна седница бидејќи согласно законските прописи материјалите за буџетот требало да бидат доставени 15 дена пред одржувањето на седницата.

Претседателот на Советот рече дека станува збор за забелешка од технички карактер, а Буџетот на општината согласно законските прописи мора да се донесе до 31 декември во тековната година. Во врска со доставувањето на материјалите за Буџетот, тој рече дека одговор ќе даде раководителката на Одделението за финансирање и буџет, А.Христова.

Процедурално за збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека на 26.12.2017 година Комисијата за финансирање и буџет одржала седница на која бил разгледуван Буџетот на Општина Делчево за 2018 година и другите точки, а членовите на Советот од ВМРО ДПМНЕ и коалицијата не присуствувале на седницата и покрај тоа што биле уредно поканети.

Анка Христова рече дека секоја година Буџетот се изготвува врз основа на доставени предлози од одделенијата во општината, кои се ставаат во посебна програма за изготвување на Буџет која потоа се финализира и се доставува до вас како материјали. Точно е дека оваа година беа доставени подоцна, но знаете дека имаше локални избори, па примопредавање на функцијата градоначалник и тоа е исто така една од причините за доцнењето со доставата на материјалите за буџетот, рече таа.

Петседателот на Советот предложи Дневниот ред за Третата седница да биде дополнет со уште една точка 19 и тоа:

Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект, Станбена куќа во

урбанистичка планска документација на Анка Костадиновска од Делчево.Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по дневниот ред беше затворена и дневниот ред со точката за дополнување беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за Третата седница.

Беше отворена расправа по Записникот од Втората седница.

Процедурално за збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека од името на советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата тие имаат обврска да ги штитат интересите на граѓаните и да ги бранат, како што рече тој „уставобранителите"и затоа во тој контекст поради секојдневниот терор од власта и поради притворањето на уставобранителите, ќе ја напуштиме седницата на Советот и нема да учствуваме во работата на Советот, во знак на поддршка, но и противправното и портивуставното притворање на граѓаните.

Претстедателот на Советот, Драган Маневски, рече дека овој чекор на опозициските советници е несериозен и неодговорен кон граѓаните на Делчево.Ние сме избрани за да работиме во интерес на граѓаните на Делчево, не може да се ставате во улога на обвинителство или суд и да кажувате дали некој е виновен или не. Поддршката на овој начин е сосема погрешна, но е и ваше право, истакна претседателот на Советот Драган Маневски.

Потоа членовите на Советот од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ ја нашуштија третата седница на Советот на Општина Делчево во 14:20 часот.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и Записникот од Втората седница беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, истиот беше усвоен.

Прва точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за квартал 3 со Заклучок за усвојување;

Образложение по точката поднесе А.Христова која рече дека овој извештај се изготвува согласно член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и истиот Градоначалникот го доставува до Министерството за финансии најдоцна еден месец по завршувањето на кварталот. Исто така извештајот се доставува и до Советот на Општина Делчево. Од вкупно планираните 257.643.629 денари реализирани се 155.187.642 денари или 60%. Од вкупно планираните расходи 257.643.629 реализирани се 144.884.000 денари или 56%.Приходите во Основниот буџет се планирани во износ од 89.134.000 реализирани се 52.145.000 или 58,5%. Даночните приходи од планирани 35.360.000 реализирани се 21.550.000 денари или 61%. Даноците на специфични услуги се реализирани во износ 10.790.000 денари (тука спаѓаат комуналната такса, такса за улично осветлување, фирмарина, комунална такса за користење на простор пред деловен простор). Данокот на имот е наплатен 56,4%, неданочните приходи 34,4%, капиталните приходи 37%, трансфери од други нивоа на власт 74%.

Вкупните расходи биле планирани 257.643.692, а се реализирани 144.894.000 или 56%. На ставката 40 од планираните 23.034.000 реализирани се 14.783.000, на ставката 42 од планираните 25.378.000 денари реализирани се 16.059.000, на ставката 46 од планираните 3.146.000 денари реализирани се 1.022.000, на ставката 47 реализирани се 472.500 денари од кои 166.000 надоместок за новороденче и 306.000 надомест за еднократна парична помош. Ставката 48 капитални расходи е реализирано во износ 17.460.400 денари од кои најголем дел за улици и патишта.

Ова е што се однесува до Извештајот за реализацијата на Буџетот на Општина Делчево за 3 квартал, доколку има прашања, повелете, истакна А.Христова.

Претседателот отвори расправа и бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го донесе

Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за третиот квартал.
Втора точка-Предлог-Буџет на Општина Делчево за 2018 година;
Образложение по точката поднесе Анка Христова која истакна дека Буџетот е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства кој служи за финансирање на надлежностите на општината и во себе ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности. Буџетскиот процес започнува со доставувањето на Буџетскиот циркулар од Министерството за финансии. Буџетот на Општина Делчево за 2018 година е планиран во износ од 275.053.000 денари. Планирани извори на приходи во Буџетот за 2018 година се од:
-даночни приходи-35.859.000
-неданочни приходи-22.584.000
-трансфери и донации-81.178.000
-капитални приходи-2.960.000
-приходи од дотации-129.475.000
-домашно задолжување-3.000.000
Во врска со домашното задолжување од 3 милиони денари таа истакна дека на наредна седница во 2018 година, Советот на Општината ќе мора да донесе нова одлука бидејќи истото не може да се реализира до крајот на оваа година (2017).
Даночните приходи кои се планирани во износ од 35.859.000 денари се од данок на доход, данок на добивка и од капитални добивки-1.746.000 денари, од даноци на имот 14.800.000 денари, од даноци на специфични услуги 18.623.000, од такси за користење или дозволи за вршење на дејност 690.000.
Кај неданочните приходи може да се забележи дека најголемо учество ќе имаат приходите остварени од даноците од специфични услуги ( во нив влегуваат комунална такса за истакната фирма, комунална такса за користење на улици со патнички, товарни моторни возила, надомест за уредување на градежно земјиште, комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување и др.), додека данокот на имот во вкупните приходи ќе учествува со 45,5%.Во даноци на имот  влегуваат данокот на имот од правни и физички лица, данокот на промет на недвижности и данок на наследство и подарок).
Структурата на неданочните приходи за 2018 година во вкупниот буџет на општина Делчево е следна:
-такси и надоместоци, 17.807.000
-административни такси и надоместоци-577.000
-други владини услуги-300.000
-други неданочни услуги-3.900.000 или се вкупно 22.584.000 денари.
Трансферите и донациите од другите нивоа на власт во вкупниот буџет на Општината за 2018 година се застапени со износ 60.878.000 или 22%. Средствата за блока дотации кои служат за остварување на надлежностите во образованието, детската заштита и културата, се утврдени од надлежните министерства согласно законската регулатива и фискалната стратегија и политика на  Владата на РМ и се планирани средства во износ 129.475.000 денари или 47%.Капиталните приходи се планирани од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на РМ во износ од 500.000 денари, приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на РМ 700.000 денари, надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини во износ од 200.000 денари, надомест од легализација 1.500.000 денари.Расходите во вкупен износ се планирани во износ 275.053.000  и тоа ставка 40-плати и надоместоци 133.873.400, ставка 41 резерви и недифинирани расходи 50.000 денари, 42 стоки и услуги 56.951.500, 45 каматни плаќања 300.000 денари, 46 субвенции и трансфери 5.011.100, 47-социјални бенефиции 700.000 денари, 48 капитални расходи 77.243.000 денари и 49-отплата на главница 927.000 денари или вкупно 276.056.000 денари.
Платите на вработените во општинската администрација, во општинскиот буџет за 2018 година, опфаќаат 20,7% од  вкупно планираните расходи во основниот буџет, а заедно со надоместоците (надоместокот на советниците) изнесуваат 22,8%.Средствата од тековната

резерва се користат кога за одредени или потреби на општината или буџетските корисници не се или не се доволно обезбедени средства.
Во врска со капиталните расходи таа рече дека се планирано во износ 48.892.000 денари во основниот буџет и 77.243.000 во вкупниот буџет и најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти, изградба и реконструкција на улици и патишта, во урбаниот и во руралниот дел на општината.
Во основниот буџет капиталните расходи учествуваат со 47,4%, а во вкупниот со 28%. Сите тие параметри укажуваат дека Буџетот на општина Делчево за 2018 година има развојна компонента која посебно е искажана во посебниот дел од Буџетот по пооделени програми и потпрограми.
Програма А0 Совет на Општина  со Буџетот за 2018 се планирани 3.900.000, од кои 2.700.000 за надоместок на членовите на Совет, а другите се за персонален данок. На ставката 42, потставка 420-патни и дневни расходи 870.000 денари тука влегуваат трошоците за наградното патување на учениците/матуранти од СОУ „М.М.Брицо". На ставката 46-субвенции и трансфери можете да видите дека во претходниот буџет биле планирани 1.468.000, а оваа година само 30.000 денари. Разликата е голема бидејќи во 2017 година имаше Локални избори и кога има локални избори средствата за избирачките одбори и ОИК се обврска на Општините. Оваа година Министерството за финансии ги исплати средствата за избирачките одбори на сите блокирани општини. Оваа година за првпат има програма А1 и во неа се планирани 300.000 денари на ставката изборни активности и референдуми.
Програма Д0 Градоначалник, во неа се планирани платите и надоместоците за Градоначалникот и возачот, патни и дневни, субвенции и трансфери до невладини организации, исплата на стипендии на ученици и студенти, социјални надоместоци како и надоместокот за експропријација кој оваа година е зголемен.
Програма Е0 е програма за општинската администрација и во неа се планирани плати и надоместоци -25.232.000, стоки и услуги- 7.815.000, каматни плаќања 200.000, субвенции и трансфери 390.000 и капитални расходи 50.000 денари (набавка на компјутери).
Програмата Ф1 е урбанистичко планирање и тука се планирани средства во износ од 2.500.000 за проектирање на улици и патишта, мостови.
Програмата Г1 е програма за поддршка на ЛЕР и за тоа се планирани 4.025.000 денари.
И тука има нова програма Г2 која е предвидена за поттикнување и развој на туризмот и тука се планирани 688.000 денари.
Програмата Ј3 е програма за јавно осветлување. Благодарение на проектот за енергетската ефикасност сметките за електрична енергија се помали, тука спаѓаат средства за набавка на сијалици, материјали и ситен инвентар, рече А.Христова.
Ј4 е програма за јавна чистота и на неа се средства кои се прибираат за одржување на јавната чистота, по 40 денари на секоја сметка за вода, ги наплаќа ЈПКД „Брегалница" и потоа ги префрла на општинска сметка.
Ј6 е програма за одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање и тука се предвидени 2.400.000 денари.
Ј7 е програма за одржување и користење на паркови и зеленило и за тоа се предвидени 1.200.000 денари.ЈД е програма за изградба и реконструкција на локалнипатишта и улици и во неа се предвидени 57.516.000 денари, тука спаѓа и развојната програма ЈД0 која ја изгласавте на Совет, а тоа е Изградба на дел од улица „Орце Николов".
ЈГ е програма за изградба на системи за водоснабдување и тука се предвидени 1.500.000 денари за изградба на водоводи и набавка на цевки и др.материјали.
ЈИ е програма за изградба на системи за одведување и пречистување ан отпадни води за што се предвидени 1.000.000 денари.
К1 е програма за библиотекарство, тука се предвидении 4.576.000 денари, од кои 4.456.000 од дотации и 120.000 од самофинансирачки активности.МБ е програма за прекугранична соработка и тука се предвидени 10.855.000 денари од кои 7.855.000 се за проектот Енергетска ефикасност, а 3.000.000 денари е кредит.
Н1 е програма за основно образование и тука се предвидени 81.520.000 денари, од

кои 79.010.000 се дотации и 2.510.000 од самофинансирачки активности.
H2 е програма за средно образование и тука се предвидени 29.003.000 денари од кои дотации 28.326.000 и 677.000 самофинансирачки активности.
Q1 е програма за заштита и спасување тука се предвидени 300.000 денари.
R1 е програма за заштита на животната средина тука се предвидени 2.000.000 денари.
V1 е програма за детски градинки и тука се предвидени 26.201.000 денари, од кои 12.601.000 од дотации и 13.600.000 од самофинансирачки активности.
VA во претходниот буџет 2.028.231 денар беше развојна програма за доградба на градинката.W0 програма за противпожарна заштита со вкупен буџет 8.815.000 од кои од дотации 5.082.000 и 3.733.000 од општинскиот буџет, бидејќи во ТППЕ има вработени кои се финансираат преку МВР и преку општината.

Доколку имате прашања повелете, рече А.Христова.

За збор се јави и Градоначалникот на Општина Делчево кој рече дека раководителката го образложила буџетот по програми, бројки и ставки. Тој истакна дека оваа година Буџетот е изготвен така што се скратени средства од непродуктивните трошоци, а се зголемени капиталните расходи бидејќи тој кога бил советник најмногу реагирал и дискутирал за капиталните расходи бидејќи тие се двигател и показател за развојот на една општина, т.е. тие се показател дали една општина е развојна или не. Во однос на претходната година капиталните расходи се зголемени за 1,5 милиони денари и јас како градоначалник ќе се трудам секоја година оваа ставка да се зголемува. Во буџетот за 2018 може да се види дека капиталните приходи се помали во износ на капиталните расходи, тоа е така бидејќи општината веќе нема општински имот за продажба бидејќи беше распродаден во последните неколку години. Во однос на основниот буџет капиталните расходи изнесуваат 47%.Мојата намера е парите што граѓаните ги уплаќаат во буџетот по разни основи да бидат вратени назад кај нив преку проекти со кои ќе се подобри квалитетот на живеење. 2018 година ќе биде година во која ќе се реконструира ул. „М.Тито" од ЦГП до Касарна, ќе се започен со градската капела (капитален прокет во мојата изборна програма), ќе се изгради пешачкиот мост на р. Брегланица со средства преку ИПР, ќе се работина ул. „Орце Николов", „Скопска", „Вера Јоциќ", улица 3 во СРЦ. Исто така, ќе се градат улици во Габрово, Ѕвегор, Басарица. Се надевам дека поголем дел од ова што го напомнав ќе успееме да го реализираме, доколку имате прашања, повелете, рече градоначалникот Г.Трајковски.
Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Кирил Тренчевски кој побара од раководителката во иднина заедно со материјалите за Буџетот да се доставува и текстуално образложение по ставки, со износи и проценти. Што се однесува до Буџетот имајќи ги предвид капиталните расходи може да се заклучи дека станува збор за развоен буџет. Тој ја праша раководителката за кои средства станува збор на ставката 725 други неданочни приходи во основниот буџет кои претходно (2017) биле 1.820.000 а сега се 3.900.000 денари? Исто така, тој праша зошто во Програмата Д0 Градоначалник на ставката основни плати во 2017 година биле планирани 843.000, а сега 913.000, дали е зголемена платата на градоначалникот, а на ставката за придонеси во 2017 година имало помалку средства, а сега се планирани повеќе?
Во врска со прврпто прашања, А.Христова рече дека тука се средствата во износ од 3.000.000 денари кои се планирани како задолжување во 2018 година. Во врска со второто прашање рече дека во аналитиката на ставките се гледа дека на поттставка 401 е персоналниот данок за надоместокот за новороденче и социјална помош, а на ставката 401110 е за плати.
Катица Трајкова Тасева праша зошто во Буџетот за 2018 година на ставката даночни приходи се планирани помалку средства во однос на 2017 година? Дали тоа значи дека е намалена ставката за данок на имот? Во делот на расходите и анализата на буџетот од страна на раководителката,таа рече дека според анализата што ја направила таа има несогласување во процентите во делот на основни плати и капиталните расходи и побара објаснување.

А. Христова рече дека во даночни приходи покрај данокот на имот влегуваат и другите даноци (наследство и подарок, данок на недвижности и права). Најнепредвидлив данок е

данокот на недвижности и права, реално тешко може да се предвиди и затоа има разлика на оваа ставка во однос на 2017 година. Во врска со другото прашање таа истакна дека анализата на расходите се прави на основниот буџет, а не на вкупниот буџет, бидејќи процентот го зголемуваат дотациите и тој процент не е реален тој процент.

Влатко Величковски рече дека ако се направи анализа на кварталниот извештај за 3 квартал (кој процент е 75%) и на буџетот за 2018 доколку бидат реализирани комплетно тековно-оперативните расходи се јавува разлика од 12-13%. Дали таа разлика е показател на некој проблем, праша тој?

А. Христова рече дека Буџетот е план, се донесува во месец 12 за наредната година и е резултат на направени анализи, остварувања и предвидувања кој никогаш не се остварува 100%. Најголеми отстапки има кај приходите кои доаѓаат од државата. Ние како општина или Градоначалникот има најава или информација за некои средства од државата за некој проект и ние мораме да ги предвидиме, е сега, дали тие ќе се остварат, дали ќе дојдат или не, не зависи од нас. Но затоа, законот дава можност да се прави ребаланс или да се тргаат средствата или да се додаваат во зависност од ситуацијата. Најреален показател е 4 квартал и завршната сметка за 2017 година, рече таа.

Дејан Георгиевски праша зошто се зголемени средствата на ставката 46-субвенции и трансфери од 1.400.000 на 1.900.000 денари, а А.Христова рече дека се зголемени средствата за стипендии на учениците и студентите.

Драган Маневски ја праша раководителката дали на ставката трансфери до НВО тука спаѓаат и спортските клубови?

А.Христова рече дека е така, порано биле планирани помалку средства, сега за спортските клубови се планирани повеќе средства.

Градоначалникот рече дека за да се зголеми таа ставка се земени средства од ставката за еднократна парична помош, но тоа не значи дека Општината нема да дава еднократна парична помош, ќе дава и понатаму, но интенцијата е Општината да не се претвори во центар за социјална помош и да не се злоупотребува еднократната помош. Од увидот што го направив, забележав дека едни исти луѓе постојано бараат еднократна помош од Општината, тоа мора да се стопира,а повеќе средства да се насочат за други цели, на пример за спортските клубови бидејќи како општина имаме обврска да го помагаме спортот, рече тој.

Катица Трајкова Тасева предложи во иднина да се размисли околу набавка на лаптоп компјутери за членовите на Советот бидејќи може да се забележи дека ставката за набавка на материјал, хартија, тонер и слично е доста висока. Тоа исто така ќе значи усовршување и чекор напред во работата на Советот на општина Делчево, рече таа.

Драган Маневски рече дека предлогот е добар и ако има можност добро е да се набават лаптоп компјутери би било добро од повеќе аспекти.

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека веќе е во преговори за донација на лаптоп компјутерите или барем на дел од лаптоп компјутерите, и јас кога бев член на Советот постојано барав да се набават лаптоп компјутери. Се надевам дека ќе можеме да го реализираме тоа, рече Г.Трајковски.

Претседателот на Советот рече дека има сознанија оти дел од граѓаните не плаќаат улично осветлување и праша дали Општината има увид, дали има механизми за наплата на тие средства и дали има намера да ги наплати бидејќи станува збор за голема сума на пари. Исто така тој праша дали Општината прибира средства по основ на побарувања од фирми во постапка пред ликвидација?

Градоначалникот на Општината рече дека до него имало укажување и до ЕВН е доставено барање на листа на неплаќачи на улично осветлување, а во врска со втората забелешка од негова страна се задолжени правниците во општината да следат и да преземаат мерки.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево, го донесе Буџетот на Општина Делчево го донесе Буџетот на Општина Делчево за 2018 година.

**Трета точка-Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2018 година;**

Образложение по точката поднесе Анка Христова-Раководител на Одделението за финансиски прашања, која рече дека оваа одлука се донесува секоја година по донесувањето на Буџетот. Истата има 23 члена во кои е предвидено како и на кој начин ќе се извршува буџетот, доколку има прашања повелете, рече А.Христова.

Претседателот отвори расправата по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2018 година.

**Четврта точка-Буџетски календар-**Образлагач и по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за финансиски прашања, која истакна дека со Буџетскиот календар се насоките и подготовките за финансиските планови и се утврдуваат роковите за донесување на буџетот на општината.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Влатко Величковски кој рече дека во Буџетскиот календар во точка 10 пишува дека Градоначалникот на Општината го доставува до Советот на Општината предлог Буџетот во месец Ноември-Декември, содржината на нацрт Буџетот се дава на достапност на јавноста и се одржуваат јавни расправи. Тој рече дека Буџетот на Општината за 2018 година бил доставен 7 дена пред одржувањето на седницата, ниту порано ниту сега јавноста немала увид во содржината на Нацрт буџетот и немало јавни расправи ,тоа не е во ред и во иднина треба да се придржувате на Буџетскиот календар, рече В.Величковски.

А.Христова рече дека барањата на граѓаните при изготвувањето на Буџетот биле земани во предвид, оваа година роковите не се испочитувани бидејќи имало локални избори.

Драган Маневски рече дека сугестијата на В.Величковски е добронамерна и како таква треба да биде сфатена. Во иднина треба да се почитуваат роковите дадени со Буџетскиот календар. Во изготвувањето на Буџетот на Општината да се вклучат граѓаните со нивните предлози, да има јавни расправи и се да биде според законските прописи, истакна претседателот на Советот.

Анка Христова рече дека Советот ан Општина Делчево може да измени било што во актите кои се предложени на седница на Совет и кои се однесуваат на Буџетот на Општината.

Драган Маневски, претседател на Советот на Општината истакна дека буџетот е специфична материја, а тие како советници за првпатр се среќаваат со таква материја и затоа во моментов не се во можност да дадат било какви конструктивни предлози.

Градоначалникот на Општината, Горан Трајковски рече дека сите дискусии и предлози се во ред и дека оваа година заради Локалните избори немало можност да се одржуваат форуми и јавни расправи со граѓаните за буџетот, но во иднина секако дека ќе бидат одржувани, исто како и средбите по месните и урбаните заедници. Буџетот е еден од најважните документи на Општината и истиот треба да биде донесен на транспарентен начин и според законските прописи. Штета што опозицијата ја напушти седницата и нема да учевствува со свои забелешки, сугестии и предлози за овој буџет, но како и да е, моја интенција како градоначалник е да работам транспарентно, чесно и во интерес на граѓаните, а Советот да дава свои забелешки и конструктивни предлози. Пред сите Вас денеска присутни, се обврзуваме дека наредната година Буџетот ќе биде доставен навреме како би можеле и вие да го разгледате и да дадете свои сугестии, истакна градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го донесе Буџетскиот календар.

**Петта точка-Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2018 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Анка Христова Раководител на Одделението за финансирање и буџет која рече дека оваа одлука се донесува врз основа на член 88 од Законот за административни службеници и со неа се утврдува висината на бодот на платите на вработените во општинската администрација. Вредноста на бодот изнесува 76,8 денари и ќе се применува со исплатата на платите на вработените за јануари 2018 година.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Драган Маневски кој праша дали вредноста на бодот е иста како лани и дали сите вработени во општинската администрација се административни службеници или не?

А. Христова рече дека во општинската администрација има и вработени по Законот за работни односи (обезбедување, хигиеничар и возач), како и вработените во ТППЕ.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА",против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2018 година.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење;**

Образложение по оваа точка поднесе Тони Стоименовски кој рече дека благодарение на лобирањето на Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, општината ќе добие пешачки мост. Проектот е поднесен до Министерството за локална самоуправа на Р.Македонија, Биро за регионален развој, а по програмата за рамномерен регионален развој за 2018 година. Вкупниот буџет на проектот е 7.515.471,9 денари од кои 85,55% ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2018 година. Општина Делчево како партнер ќе обезбеди 14,45% од Буџетот на општина Делчево за 2018 година.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Кирил Тренечевски кој рече дека вкупниот буџет на проектот е 7.515.471,9 денари, од кои 85,55% се од МЛС-Биро за регионален развој и го праша образлагачот дали сумата која треба да ја одвои општината како сопствено учество може да се менува во зависност од цената на челикот со оглед на тоа дека станува збор за пешачки мост со челична конструкција.

Т. Стоименовски рече дека фиксна е сумата која ја дава Бирото за регионален развој, а сумата која ја дава општината може да се менува во зависност од цената на челикот.

Дејан Георгиевски праша дали средствата за изградба на пешачки мост се само за мостот или и за придружни објекти (пристапни патеки, улуци и сл.)?

Тони Стоименовски рече дека оваа сума е само за мостот и тука спаѓаат 2 бетонски столба и полукружна челична конструкција, како и сума за осветлување на мостот. Што се однесува до пристапен пат, од левата страна е решен,има пристап, а ќе биде пробиена и улица од другата страна со скали и пристапна патека за инвалиди и пешаци.

Влатко Величковски го праша образлагачот како се избира кој ќе биде проектант на мостот, каква е постапката, на кој начин се избира тоа?

Т.Стоименовски рече дека општината распишува тендер за избор на најповолна проектантска фирма и тендерот го добива проектантска фирма која нуди најповолна понуда.

Сашко Јовановски праша дали има определно фирма која ќе се грижи за одржување на мостот?Т.Стоименовски рече дека пешачкиот мост е општински објект и за неговото одржување е надлежна Општината, дали тоа ќе биде во соработка со ЈПКД „Брегалница“ или не, ќе видиме, рече тој.

Горан Петровски, раководител на Одделението за урбанизам рече дека во врска со пешачкиот мост имало распишано Конкурс за идејно решение. На конкурсот имало пријавени 2-3 труда, со Решение на Градоначалникот била формирана комисија која извршила избор на најдоброто идејно решение. По изборот на идејното решение бил нарачан основен проект.

Драган Маневски, претседател на Советот рече дека е голем успех што општина Делчево преку Источно-планскиот регион успеала да го добие овој проект и дека Советот на општина Делчево треба да даде поддршка на одлуката.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење.

**Седма точка-Одлука за пристапување на Општина Делчево како сосновач на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група „Малеш – Пијанец“;**

Образлагач по точката беше Тони Стоименовски-Советник за поддршка на ЛЕР, кој истакна дека оваа одлука се однесува на формирање на Локалана акциона група, односно Општина Делчево пристапува како сосновач на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група „Малеш – Пијанец.Со донесување на оваа одлука Општина Делчево станува сосновач на здружението кое ќе настојува да прерасне во признаена и регистрирана Локална Акциона Група во рамки на единствениот регистар за регистрирање на Локални акциони групи при Министерството за заемјоделство, шумарство и водостопанство, како дел од спроведувањето на ЛЕАДЕР како ИПАРД мерка. Тој ги информираше членовите на Советот дека Владата на РМ има поднесено барање до ЕУ за користење на европски средства. Ваквите локални акциони групи се формраат за првпат, а во 2018 година се очекува да има и пилот проекти. Делчево како општина веќе е вклучена во овој проект, има стратегија за локални акциони групи, има документација за регистрација на ЛАГ, еве сега и Одлука на Совет, така што во 2018 година ќе ме да се аплицира и со прокет, истакна тој.

Претседастелот на Советот рече дека образложението на Т.Стоименовски било исцрпно и јасно. Отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за пристапување на Општина Делчево како сосновач на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група „Малеш – Пијанец“.

**Осма точка-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2018 година;**

Образлагач по оваа точка беше Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека согласно член 36 од Законот за локална самоуправа и член 22 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Делчево, секоја година се изготвува Програма за работа на Советот.Врз основа на доставените предлози од овластени органи кои се јавуваат како изготвувачи и предлагачи на работен материјал од својата област, секоја година се изготвува Програма за работа на Советот на Општина Делчево. Така е изготвена Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2018 година. Во текот на годината ќе бидат разгледани и други материјали кои во оваа Програма не се вклучени од кои било причини. Програмата претставува насока за работа на Советот и истата е отворена за теми кои се во надлежност на локалната самоуправа. Но, исто така пред Советот може да бидат разгледани извештаи и

информации кои се од важност за граѓаните на подрачјето на општина Делчево, а ги изготвуваат и предлагаат подрачните единици на државни органи.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2018 година.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за формирање на Комисија за именување на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево;**Образлагач по точката беше Маја Стоименовска-Самостоен референт за работа со ГИС, која истакна дека оваа одлука се донесува врз основа на член 2 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти. Потребата од нејзино донесување е реална бидејќи имаме населби (Пролет, Ѕвегорска река, Сервисна зона, СРЦ и др.) каде не се именувани улиците, а граѓаните реагираат . Согласно законските одредби, постапката започнува со формирањето на оваа комисија, составена од 5 члена од кои 2 члена вработени во општинската дминистрација и 3 члена од Советот (од членовите на Комисијата за урбанизам при Советот на Општина Делчево). Предлагам, Советот на Општина Делчево да ја донесе оваа одлука, рече М.Стоименовска.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на Комисија за именување на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, станбена куќа во урбанистичко планска документација на Дејанчо Величков, с. Вирче;**

Образложение по оваа точка поднесе Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам кој рече дека оваа одлука се однесува на бесправно изграден објект, Станбена куќа, означен во елаборат како зграда бр.1 изграден на КП бр. 3010 КО Вирче запишана во имотен лист бр**.** 1021, и КП бр. 5532/1 КО Вирче запишана во имотен лист бр. 1071. Овој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат и за истиот може да се донесе урбанистичко планска документација.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на општина Делчево ја донесе Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, станбена куќа во урбанистичко планска документација на Дејанчо Величков, с. Вирче;

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект,помошен објект во урбанистичко планска документација на Ванчо Џаџовски, с. Тработивиште;**

Образлагач по точката беше Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам, уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина, тој рече дека на минатата седница Советот на општина Делчево донел Одлука за вклопување на бесправно изграден објект (станбена куќа) во урбанистичко планска документација на Ванчо Џаџовски, с. Тработивиште. Оваа одлука што се предлага на денешната седница е исто така за Ванчо Џаџовски, но за помошен објект.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, распаравата по точката беше затворена, а одлуката

ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект,помошен објект во урбанистичко планска документација на Ванчо Џаџовски, с. Трaботивиште.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план (ДУП) Лесна индустрија и сервиси м.в. „Стар Монопол" за дел од УБ 2,6 во УЕ 2, Општина Делчево;**

Образлагач и по оваа точка поднесе Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам, уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина, кој рече дека станува збор за Нацрт детален урбанистички план, приватна иницијатива на инвеститори од тој опфат, намема лесна индустрија и сервиси. Еднаш Советот на Општината во претходниот мандат има донесувано ваква одлука, но бидејќи од страна на планерите бил скратен опфатот на планот, Министерството за транспорт и врски го враќа претходно и донесениот Нацрт ДУП за тој опфат и бара донесување на нов план. По донесувањето на одлуката, ќе се спроведе јавна анкета и ќе има јавна презентација. Постапката по овој план започна во 2014 година и се работи според закон од 2005 година, сите други постапки по донесувањето на новиот закон се електронски.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Влатко Величковски кој праша кој ги сноси трошоците околу донесувањето на овој план бидејќи од страна на образлагачот било спомнато дека станува збор за приватна иницијатива и која е причината за иницијативата?

Г. Петровски рече дека  трошоците за планот се на товар на инвеститорите, а причината за поднесувањето на иницијативата е тоа што имаат намера да градат.

Драган Маневски рече дека образлагачот спомнал оти за тој опфат е донесувано одлука во април месец 2017 и праша зошто сега се донесува нова одлука?

Г.Петровски рече оваа одлука се донесува сега бидејќи бил скратен опфатот на планот од страна на планерите, а во сегашната одлука во еден член пишува дека со донесувањето н оваа одлука престанува да важи првата одлука.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план (ДУП) Лесна индустрија и сервиси м.в. „Стар Монопол" за дел од УБ 2,6 во УЕ 2, Општина Делчево.

**Тринаесетта точка-Предлог-Решение за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност-Делчево.**

Образлагач по оваа точка беше Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево, кој рече дека согласно  предложената Листа за избор на командир, доставена од Министерството за внатрешни работи на РМ  бр.226-87452/1/ од 18.12.2017 година и член 24 од Законот за полиција, при што од негова страна беа презентирани сите услови кои треба да ги исполнува лицето за командир на ПС од ОН, согласно законските прописи.

Согласно предлозите од Листата за избор на командир, за командир на ПС од ОН Делчево, тој го предложи  Стојан т.Славе Димитровски, со завршен VII степен, Правен факултет, со 26 години работно искуство во полицијата, а со живеалиште на ул. „Македонска" бр.5 А во Делчево.Беше отворена расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за  избор на командир на Полициска станица од општа надлежност-Делчево.

**Четиринаесетта точка-Годишен извештај за работата на ЈЛБ „Илинден" Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;**

Образложение по оваа точка поднесе ВД директорот на ЈЛБ која на почетокот ја образложи личната карта на ЈЛБ „Илинден" и нејзиниот развој од 1954 до денес, се задржа на анејзината организациска поставеност, број на членови-читатели, број на книжен фонд и на сите проекти и активности во изминатата година. Како проблем со кој се соочувала во 2017 година, таа го потенцираше недоволниот простор за соодветно чување на библиотечниот фонд.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, истиот беше затворен и ставен на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на  Годишниот извештај за работата на ЈЛБ „Илинден" Делчево за 2017 година.

**Петнаесетта точка-Годишна програма за работа на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2018 година со Заклучок за усвојување.**

Образлагач по точката беше Анита Петровска ВД Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево која во образложението истакна дека и во 2018 година библиотеката континуирано ќе набавува книги, ќе учествува на манифестации, саеми и прослави. Таа истакна дека библиотеката има буџет од 3 милиони денари од кои 880.000 се наменска дотација, а со 1.418.660 денари библиотеката успешно ги сервисира тековните трошоци, а има средства и за финансирање на нови вработувања.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на  Годишната програма за работата на ЈЛБ „Илинден" Делчево за 2018 година.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2018 година;**Образложение по оваа точка поднесе Звонко Атанасов-Советник за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина, кој истакна дека оваа програма се донесува врз основа на на член 94, 95, 96, 97 и 98 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник 15/2015, 44/15, 98/15, 193/15).Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2018 година претставува основа по која ќе се врши уредувањето на градежното земјиште во општината во тековната 2018 година. Со оваа Програма се уредува:

1.Просторот - локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма
2.Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште
3.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура
4.Извори на финансирање на Програмата
5.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба
6.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии)
7.Динамика на извршување на Програмата
8.Останати активности
Тој истакна дека висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште или комуналии не е променет во однос на претходни години.
Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Катица Трајкова Тасева која побара образлагачот да и одговори кои се улиците 2 и 4 во Сервисна зона.
Звонко Атанасов појасни за кои улици станува збор, но истакна дека најдобро може да се види на скицата, т.е планот, доколку советничката  сака, може да дојде во Одделението за

урбанизам и да направи увид во планот.
Влатко Величковски го праша образлагачот дали на веб страницата на Општина Делчево може да се види колку изнесува надоместокот за уредување на градежно земјиште (комуналиите) за одреден локалитет?
Звонко Атанасов истакна дека во Програмата која е на дневен ред за секој локалитет е утврдена сума за уредување на градежно земјиште и не е проблем, Програмата може да се постави на веб страницата.
Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и точката ставена на гласање.
Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2018 година.

**Седуманесетта точка-Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Делчево за 2018 година;**Образлагач по оваа точка беше Звонко Атанасов-Советник за уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина, кој истакна дека и оваа Програма се донесува секоја година и со неа се уредува изградбата и реконструкција на општински патишта, изградбата и реконструкцијата на улици, пешачки патеки и тротоари,редовното одржување на општински патишта и улици, зимско и интервентно одржување. Во програмата се ставени сите улици и патишта кои ќе се работат во 2018 година, а се тргнати сите кои се завршени. Покрај изградбата на улици, патишта и тротоари, во 2018 година ќе се изработуваат и проекти за улици, патишта, јавни паркиралишта и објекти на јавен пат за кои не е изработена проектна документација,како и изработка на сообраќајни проекти за улици во општина Делчево.Со оваа Програма е предвидено и редовно одржување на општински патишта, зимско и интервентно одржување на патишта и улици.

Претседателот отвори расправа по точката и го праша образлагачот дали со оваа програма е предвидено да се работи на ул. „Булевар Македонија" бидејќи има долгогодишен проблем со атмосферската канализација.

Звонко Атанасов рече дека планирано е да се работи на „Булевар Македонија", односно да се направи разделување на атмосферската и фекалната канализација за што има изготвено и готвов проект и ќе се аплицира преку Министерството за транспорт и врски, но да се направи одвојување на фекалната и атмосферската канализација и на ул. „Вера Јоциќ".

Дејан Георгиевски рече дека на ул. „Лика Чопова" на канализационата мреша се приклучено повече угостителски објекти, сендвичари, пекари и бутици, при што се случува да има непријатен мирис од канализацијата, која е изградена од поодамна и нема доволно капацитет за сите новоприклучени објекти и побара решение на тој проблем.

Звонко Атанасов рече дека не би требало тоа да биде проблем бидејќи цевките на канализаионата мрежа се со доволен капацитет (околу 800 лица), а на ул. „Лика Чопова" нема толку луѓе, но сепак ќе разговара со ЈПКД „Брегалница" да се провери и да се види во што е проблемот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Делчево за 2018 година;

**Осумнаесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**За збор се јави Дијана Јосифовски која до Претседателот на Советот на Општина Делчево, достави предлог за точки на дневен ред на наредна седница и тоа:Да се формира граѓански парламент со цел вклучување на граѓаните во процесот на носење и одлучување на одлуки на локално ниво!

-Да се формира Комисија за заштита на правата на децата како посебна комисија во Советот на Општина Делчево.

Исто така таа побара од Одделението за инспекциски надзор – Овластен Инспектор за заштита на животната средина и ЈПКД „Брегалница"-Делчево да преземат мерки за расчистување на дивата депонија на патот кон Голак, поточно над манастирот од лева страна.

За збор се јави и Катица Трајкова Тасева која по вторпат побара Одделението за инспекциски надзор – Овластен Инспектор за заштита на животната средина да изготви Информација за загадувањето на воздухот во Делчево со посебен осврт на тоа што е преземено од страна на Одделението за инспекциски надзор и овластениот инспектор за заштита на животна средина, дали се вршени контроли, кај кои правни и физички лица, што е констатирано и што е преземено. Оваа Информација советиничката ја побара по вторпат, бидејќи кога ја побарала за првпат до неа бил доставен само краток одговор од страна на инспекторот, а не и Информација.

Таа рече дека е крајно време сите субјекти Градоначалник, Совет, инспекции да преземат мерки за намалување на загадувањето на воздухот во Делчево бидејќи факт е дека воздухот е загаден, а ништо не се презема против загадувачите кои ги знаеме сите, рече таа и истакна дека овој предлог ќе го доставува се додека не се достави Информација и не се преземат конкретни мерки од страна на инспекциските служби во општината. Таа предложи да има соопштение на медиумите, да се направи состанок со сопствениците на конфекциите, да го третираат отпадот согласно законските прописи и да се делува едукативно и превентивно кај населението дека не смеат да согоруваат штетни материјали кои го загадуваат воздухот, а како последица на тоа се јавуваат разни тешки заболувања.

Во врска со предлогот на К.Трајкова Тасева, Градоначалникот истакна дека до него биле доставени/пријавени лица со име и презиме кои согоруваат текстил, гума,пластика и сл. И дека тој дал налог на инспекторите да одат на лице место и да направат увид. Тој истакна дека проблемот не е за игнорирање и дека нареден пат и тој како Градоначалник ќе оди на лице место со службите кај оние субјекти кои согоруваат материјали кои го загадуваат воздухот.

Сашко Јовановски, побара од Одделението за инспекциски надзор Овластен Инспектор за заштита на животната средина и ЈПКД „Брегалница" да преземат мерки за расчистување на депонии кои се наоѓаат на потегот помеѓу Први и Втори реон, на патот кон м.в. „Мајмуно".

**Деветнаесетта точка-Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект,Станбена куќа во урбанистичка планска документација на Анка Костадиновска од Делчево.**

Образложение по оваа точка поднесе Горан Георгиевски кој истакна дека од страна на Анка Костадиновска од Делчево е доставено барање за вклопување на бесправно изграден објект, станбена куќа во урбанистичко-планска документација.Куќата се наоѓа на ул. М.Тито" бр.108.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево, ја донесе Одлуката за вклопување на бесправно-изграден објект,Станбена куќа во урбанистичка планска документација на Анка Костадиновска од Делчево.

Со исцрпувањето на Дневниот ред, Третата седница на Советот на Општина Делчево, заврши со работа во 17:15 часот.

**Записникот го водела**

**Снежана Трајкова** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**Претседател,**



**Д**